# Водич за заштита на личните податоци во КПУ-КПД Идризово со Отворено одделение Велес

## 1. Цел на Водичот

Правото на приватност и заштита на личните податоци на вработените и на лицата кои издржуваат казна затвор преставува приоритет во нашата установа.
Ние посветуваме големо внимание за заштита на личните податоци во сите процеси, имплементирајки ги стандардите поставени со прописите за приватност и заштита на личните податоци во Република Северна Македонија.
Овој Водич е практична алатка која дава објаснување за значењето на термините кои се користат во прописите за заштита на личните податоци. Исто така Водичот ги разработува начелата за заштита на личните податоци кои задолжително се земаат во предвид при секоја обработка на личните податоци на корисниците и вработените во установата,им обезбедува посеопфатно запознавање со нивните права и ги дефенира клучните обврски на установата како контролор на збирка на лични податоци што произлегуваат од Законот за заштита на лични податоци и други прописи од оваа област. .
Водичот е достапен за сите вработени и е јавно објавен.

## 2.Значење и дефиниции на термини употребени во Водичот

Термини кои произлегуваат од прописите за заштита на лични податоци

ЛИЧЕН ПОДАТОК е информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, при што физичкото лице кое може да се идентификува е лице чии што идентитет може да се утврди директни или индиректно , посебно врз основа на идентификатори, како што се име/презиме, матичен број, податоци за локација, и др.,


С.Идризово 1040 Маџари Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2580312
kpuidrizovo@kpuidrizovo.gov.mk

или повеќе обележја специфични за неговиот физички , физиолошки, ментален, генетски, економски, културен или цоцијален идентитет на тоа лице.

ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ значи секоја информација или збир на информации кои се извршуваат врз личните податоци или врз група на лични податоци, автоматски или на друг начин , како што се : собирање, евидентирање, организирање, структуирање, чување,повлекување,промена,консултирање,увид, користење,објавување или достапност на личните податоци на друг начин ,усогласување, комбинирање, бришење или уништување.

СУБЈЕКТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ е било кое физичко лице на кое се однесуваат личните податоци кои се обработуваат.

КОНТРОЛОР е физичко или правно лице , орган на државна управа, државен орган или правно лице основано од државата за вршење јавни овластувања, агенција или друго тело кое самостојно или заедно со другите ги утврдува целите и начинот на обработка на податоци.

ОБРАБОТУВАЧ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ значи физичко или правно лице, орган на државна управа , државен орган или правно лице основано од државата за вршење јавни овластувања , агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот.Филозофските убедувања или членство во синдикалните организации, како и генетските податоци, биометриските податоци, податоци кои се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице контролорот не обработува посебни категории на личните подтаоци за корисниците. ,

ОФИЦЕР ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ е лице овластено од контролорот за обезбедување усогласеност со регулативите за заштита на лични податоци и за следење на нивната примена.


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-КПД ИДРИЗОВО СКОПЈЕ
С.Идризово 1040 Маџари Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2580312
kpuidrizovo@kpuidrizovo.gov.mk

СОГЛАСНОСТ НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ е слободно дадена, конкретна ,информирана и недвосмислена изјавена волја на субјектот преку изјава или јасно потврдено дејствие преку кое се изразува согласноста за обработка на неговите/нејзините лични податоци за претходно утврдени цели.

**3.Начела на заштита на личните податоци**

*****Да се обработуваат согласно закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на субјектот на личните податоци- законитост, правичност и транспарентност.

Ова начело преставува основен постулат преку кои се обезбедува контрола во однос на обработката на личните податоци, спречување на евентуалните пречекорувања и злоупотреби од страна на контролорот и обезбедување и заштиа на субјектите на лични податоци. Начелото на законитост подразбира засновање на обработка на личните податоци единствено врз основа на некоја од законските претпоставки врз основа на кои контролорот може да ја врши обработката на личните податоци , а кои се однесуваат на постоење на согласност за обработка на личните податоци дадена од страна на субјектот на личните податоци за обработка на личните податоци  за една или повеќе цели, обработка поради исполнување на договор каде субјектот на личните податоци е договорна страна, обработка заради исполнување на законска обврска на контролорот , обработка заради заштита на суштинските интереси на субјектот на лични податоци или друго физичко лице, , обработката е потребна за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на јавно овластување на контролорот утврдена со закон.

* Да се собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и да се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели

Нашата Установа се раководи од целите и законскиот основ за обработка на податоците. Користењето на услугата не се условува со соглсноста на корисникот за користење на неговите податоци за

други цели освен за исплонување на правата и обврските што произлегуваат од барањето.

* Да се релевантни, соодветни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат
( начелото на минимален обем на податоци )

Начелото на минимален обем на податоци го ограничува обемот на податоци што може да се обработуваат , само на оние што се нопходни за исполнување на целите заради кои се обработуваат.

*Точност и ажурирање на податоците
Ова начело се однесува на точноста на податоците според кои установата како контролор на личните податоци се грижи истите да се точни и по потреба ажурирани, имајки во предвид дека само точните и ажурирани податоци можат да ја исполнат целта заради која истите се обработуваат. Ажурирање на податоците значи заменување на податоци кои некогаш биле точни со нови податоци или нивно дополнување. Корисникот има право да бара да се превземат активности за бришење или корегирање на неговите податоци.

* Да се чуваат во форма што овозможува идентификација на корисникот , не подолго од времето што е потребно за исполнување на целта поради кои податокот е обработен

Ова начело го ограничува периодот во кој личните податоци може да бидат законски обработувани, по што по постигнување на целта заради кои истите се собрани , треба да се избришат ,уништат или анонимизираат.

4.Права на корисниците
Субјектите на лични податоци имаат право:

-да бидат информирани за обработка на лични податоци
-да пристапат до нивните лични податоци,


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-КПД ИДРИЗОВО СКОПЈЕ
С.Идризово 1040 Маџари Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2580312
kpuidrizovo@kpuidrizovo.gov.mk

-да ги дополнат,изменат, избришат или да бараат запирање на користењето на нивните податоци.

Во продолжени следува подетално објаснување во однос на овие права:

Во функција на транспарентност нашата установа има обврска да го извести корисникот за целите и правната основа на обработка на неговите податоци .Секој корисник има право на пристап до своите лични податоци. Правото на пристап подразбира дека субјектот на лични податоци има право да добие потврда од контролорот дали се обработуваат неговите лични податоци, и доколку се обработуваат да добие пристап до личните податоци . Субјектот на лични податоци има право да бара од страна на контролорот да направи исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на лични податоци поврзани со субјектот на лични податоци , или право на приговор против таквата обработка. Субјектот на лични податоци има право да поднесе барање до Агенцијата за заштита на лични податоци доколку смета дека обработката на лични податоци е спротивна на законот.

Субјектот на лични податоци има право да побара ограничување на обработка на контролорот , ако се исполнети следните услови:точноста на личните податоци се оспорува од субјектот на личните податоци за период кои му овозможува на контролоротда ја провери точноста на личните податоци, обработката е незаконска и субјектот на личните податоци се спротиставува на бришење на личните податоци , при што наместо тоа бара ограничување на нивната употреба, за целите на обработка контролорот нема повеќе потреба од личните податоци , но субјектот на лични податоци ги бара за воспоставување , остварување или одбрана на неговите барања, субјектот на лични податоци се спротиставува на обработката согласно член 25 став 1 од ЗЗЛП во очекување на верификација дали легитимните интереси на контролорот преовладуваат над интересите на субјектот на личните податоци.

Вработените во установата имаат обрска да се запознаат со прописите за заштита на личните податоци , како и со документацијата за технички и организациони мерки за обезбедување на тајност и заштита при обработка на личните податоци. Своерачно потпишуваат Изјава за тајност и заштита на


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-КПД ИДРИЗОВО СКОПЈЕ
С.Идризово 1040 Маџари Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2580312
kpuidrizovo@kpuidrizovo.gov.mk

обработка на личните податоци која важи и по претанок на работниот однос во установата.
Корисникот може да се обрати до Офицерот за затита на лични податоци во установата, кој пак мора да постапува согласно внатрешните прописи со цел правата на корисникот да бидат остварени на брз, едноставен и ефикасен начин без да се предизвикува непотребно одложување или трошоци.
Контакт со Офицерот за заштита на лични податоци е: violeta.tepegjozova @ kpuidrizovo.gov.mk .
Крисникот добива одговор во рок од 15 дена.Доколку корисникот не е задоволен од одговорот и информациите дадени од Офицерот за лични податоци и доколку смета дека неговите права се повредени може ад се поднесебарање за утврдување на правото на заштита на личните податоци од Агенцијата за заштита на личните .

**Изработил-В. Тепеѓозова**

**В.Д.ДИРЕКТОР**
**М-р Зоран Јовановски**


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-КПД ИДРИЗОВО СКОПЈЕ
С.Идризово 1040 Маџари Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2580312
kpuidrizovo@kpuidrizovo.gov.mk